Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), член 1 од Одлуката за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари („Службен гласник на Општина Штип“ број 04/22 ), член 8 став 2 и 3 и член 13 став 5 од Правилникот за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари („Службен гласник на Општина Штип“ број 05/22 и 12/23), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 декември 2024 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ И ЕДНОКРАТНИ ПАРИЧНИ НАГРАДИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНА ШТИП ЗА ОСОБЕНИ ПОСТИГНУВАЊА НА ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

### Член 1

Општина Штип доделува петнаесет (16) стипендии и три (3) еднократни парични награди на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари во учебната 2023/2024 година.

### Член 2

Стипендиите и еднократните парични награди се доделуваат согласно утврдената Бодовна-листа од Комисијата за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари број 30-6492/74 од 29.11.2024 година, од спроведениот Јавен повик за пријавување на ученици за доделување награди и стипендии за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари број 30-6492/1 од 18.10.2024 година.

### Член 3

Стипендиите се доделуваат за период од 12 месеци, за учебната 2023/2024 година.

Стипендија во износ од 3.000,00 денари месечно, се доделува на :

1. Дамјан Давков
2. Марио Ванчоски
3. Иван Костевски

Стипендија во износ од 2.500,00 денари месечно, се доделува на:

1. Дора Милева
2. Даниел Христов
3. Каја Аревска

Стипендија во износ од 2.000,00 денари месечно, се доделува на:

1. Марко Б. Николов
2. Стефан Димитров
3. Марко Гулик
4. Марио Николов
5. Драган Иванов
6. Младен Митев
7. Ена Стојановска
8. Методи Ефремов
9. Теа Стојановска
10. Стефанија Делижова

Член 4

Еднократни парични награди во износ од 30.000,00 денари се доделуваат на :

1. Дамјан Давков
2. Марио Ванчоски
3. Иван Костевски

Член 5

Финансиските средства за стипендиите и еднократните парични награди ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2024 година.

Член 6

Составен дел на оваа Одлука е Бодовна-листа на Комисијата за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународнми натпревари, со архивски број 30-6492/74 од 29.11.2024.

Општина Штип е должна да ја објави Бодовната – листа на веб-страната на општината.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 8107/1
20 декември 2024 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова